ПП Бр: 09-17/

Врз основа на член 28 став (2), член 30 став (1) и член 45 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на РМ“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата во состав Димитрија Вревезоски – претседател и Насер Жарку - член, постапувајќи по барањето за поведување на прекршочна постапка бр. 09-38/1 од 26.12.2014 година на Генералниот секретар на Комисијата за заштита на конкуренцијата поднесено против Стоматолошката комора на Македонија ул. „Антон Попов“ бр. 1-4/5, Скопје, застапувана од Адвокатско друштво Чичевалиев и Илијоски од Скопје, заради утврдување на прекршок од член 59 став (1) точка 1) од истиот Законот, на седницата одржана на 04.07.2022 година го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

1) Се утврдува дека Стоматолошката комора на Македонија, ул. „Антон Попов“ бр. 1-4/5, Скопје, со ЕМБС 5119138 и единствен даночен број 4030996268633 како здружение на претпријатија во смисла на член 5 став (1) алинеа 1 и 2 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на РМ“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на 02.03.2013 година донела забранета одлука - Правилник за референтни, заштитни (минимални) цени на услугите и изработките во стоматолошките здравствени установи во Република Македонија кои пациентите ги плаќаат со лични средства во целост бр. 01-87/2 кој правилник стоматолозите биле должни да го применуват до 04.04.2015 година, одлука со која директно ги фиксирала продажните цени на пазарот на услуги и изработки во стоматолошките здравствени установи во Република Македонија кои пациентите ги плаќале со лични средства во целост, со цел нарушување на конкуренцијата, со што сторила прекршок од член 59 став (1) точка 1) а во врска со член 7 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата, за што на сторителот Стоматолошката Комора на Македонија му се изрекува санкција - глоба во износ од 20.000,оо денари, што претставува 0,064% од вредноста на вкупниот годишен приход на Стоматолошката Комора на Македонија остварен во 2021 година, како последна деловната година за која истата има составено годишна сметка.

2) Глобата од точка 1) од ова решение сторителот на прекршокот е должен да ја плати во рок од 30 дена од денот на правосилноста на решението на трансакциска сметка на налогопримач: 100-0000000630-95, уплатна сметка: 840ххх[1]07337 - глоби за сторени прекршоци од областа во надлежност на Комисијата за заштита на конкуренцијата, со приходна шифра 722139 и програма 00, налогопримач - Министерство за финансии, банка на примач - НБРСМ. Неплатената глоба или ненавремено платената глоба, ќе се наплати по присилен пат. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Генералниот секретар на Комисијата за заштита на конкуренцијата со допис бр. 09-38/1 од 26.12.2014 година до Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: КОП) достави барање за поведување на прекршочна постапка против Стоматолошка

[1] Се наведува ознаката на општината согласно Списокот на општини со ознаки во Република Северна Македонија, кој е составен дел на Упатството за начинот на евидентирање, распоредување и поврат на јавните приходи (Службен весник на Р.М. бр.8/06)

Комора на Македонија ул. „Огњен Прица“ бр. 1 влез.4 спрат.1 стан.5 Скопје, со ЕМБС 5119138 и единствен даночен број 4030996268633, застапувано од Проф. д-р Владимир Поповски – претседател, заради утврдување на евентуално постоење на забранета одлука на здружение на претпријатија, а кое нешто е прекршок согласно член 59 став (1) точка 1), а во врска со член 7 став (1) точка 1) од ЗЗК.

Во барањето за поведување на прекршочна постапка наведено е дека Стручната служба на Комисијата за заштита на конкуренцијата преку веб страната на Стоматолошка Комора дошла до сознанија дека со донесување на Ценовник за референтни заштитни (минимални) цени на услугите и изработките во стоматолошките здравствени установи во Република Македонија на услугите кои не се опфатени со задолжителното здравствено осигурување евентуално е сторена повреда на одредбите од ЗЗК. Во прилог доставен е доказ: Статут на Стоматолошка Комора на Македонија симнат од веб страна на Комората (член 10 точка 30).Генералниот секретар на Комисијата за заштита на конкуренцијата согласно законските надлежности со заклучок бр. 07-274/1 од 04.11.2014 година ја задолжил Стоматолошка Комора на Македонија ул. „Огњен Прица“бр.1 влез.4 спрат.1 стан.5 Скопје, до Комисијата за заштита на конкуренцијата да ги достави следните документи и податоци:

- Ценовник за референтни заштитни (минимални) цени на услугите и изработките во стоматолошките здравствени установи во Република Македонија на услугите кои не се опфатени со задолжителното здравствено осигурување;
- Сите други ценовници кои Стоматолошка Комора на Македонија ги има донесено/биле во сила од 2010 година до денот на приемот на овој заклучок и
- Објаснување на правниот основ за носење на ценовниците.

Во прилог доставен е доказ: Заклучок бр.07-274/1 од 04.11.2014 година.

Со допис бр.07-274/2 од 13.11.2014 година, Стоматолошка Комора на Македонија одговорила на наведениот заклучок и во прилог доставила: Правилник на референтни заштитни (минимални) цени на улугите и направите во стоматолошките здравствени установи во Република Македонија бр.01-685 од 03.06.2006 година и Правилник на референтни заштитни (минимални) цени на услугите и изработките во стоматолошките здравствени установи во Република Македонија кои пациентите ги плаќаат со лични средства во целост бр.01-87/2 од 02.03.2013 година. Во одговорот Стоматолошка Комора на Македонија наведува дека правилниците се изработени и донесени за потребите на докторите на стоматологија – членови на Комората согласно член 13 точка 19 од Статутот на Стоматолошка Комора на Македонија. Во прилог доставен е доказ: Допис од Стоматолошка Комора на Македонија бр.07-274/2 од 13.11.2014 година со прилози.

Исто така, во барањето се наведува дека од наведените списи во предметот јасно произлегува дека Стоматолошка Комора на Македонија како здружение на претпријатија во два наврати и тоа: на 03.06.2006 година донела Правилник на референтни заштитни (минимални) цени на услугите и направите во стоматолошките здравствени установи во Република Македонија, кој го применувала до 02.03.2013 година и на 02.03.2013 година донела нов Правилник на референтни заштитни (минимални) цени на услугите и изработките во стоматолошките здравствени установи во Република Македонија кои пациентите ги плаќаат со лични средства во целост кој го применува во моментот на поднесување на ова барање. Со ваквите дејствија Стоматолошка Комора на Македонија како здружение на претпријатија донела забранети одлуки со кои директно се фиксираат продажните цени на услугите и изработките во стоматолошките здравствени установи во Република Македонија кои пациентите ги плаќаат со лични средства во целост чија цел или последица е спречување ограничување или нарушување на конкуренцијата

што претставува евентуален продолжен прекршок од член 59 став (1) точк 1) а во врска со член 7 став (1) точка 1) од Законот.

Постапувајќи по барањето за поведување на прекршочна постапка бр. 09-38/1 од 26.12.2014 година на Генералниот секретар на Комисијата за заштита на конкуренцијата КОП со Заклучок бр.09-3/1 од 12.01.2015 година поведе прекршочна постапка против Стоматолошка Комора на Македонија и со истиот побара доставување на следните податоци и документи:
- Број на членови на Стоматолошка Комора на Македонија заклучно со 31.12.2007, 31.12.2008, 31.12.2009, 31.12.2010, 31.12.2011, 31.12.2012, 31.12.2013 и 31.11.2014 година;
- Статут/и на Стоматолошка Комора на Македонија од 2007 година до денот на приемот на овој заклучок;
- Етички кодекс/и на Стоматолошка Комора на Македонија од од 2007 година до денот на приемот на овој заклучок;
- Објаснување на начинот на доставување на Ценовникот за референтни заштитни (минимални) цени на услугите и изработките во стоматолошките здравствени установи во Република Македонија на услугите кои не се опфатени со задолжителното здравствено осигурување до членовите на Стоматолошка Комора и начинот на прифаќање на наведениот Ценовник од членовите на Комората;
- Објаснување на начинот на кој се врши следење дали членовите на Стоматолошка Комора работат по минималните цени утврдени во Ценовникот за референтни заштитни (минимални) цени на услугите и изработките во стоматолошките здравствени установи во Република Македонија на услугите кои не се опфатени со задолжителното здравствено осигурување;
- Број на случаи во кои е утврдено од страна на Комората непридржување кон наведениот Ценовник и видот на превземените мерки во тие случаи од страна на Комората, одделно по години (2007, 2008, 2009, 2010, 2011, 2012, 2013 и 2014 година);
- Извод од Централен регистар за тековна состојба;
- Биланс на успех за 2013 година и
- Податоци за жиро - сметка, единствен даночен број и депонент - банка.

Со допис бр.09-3/2 од 21.01.2015 година Стоматолошка Комора на Македонија достави одговор на Заклучок за поведување на прекршочна постапка.

Со Заклучок бр.09-3/3 од 19.02.2015 година КОП од Стоматолошка Комора на Македонија побара доставување на податоци и документи и тоа - записници за извршен надзор на имплементацијата на Правилникот за минимални референтни цени доставени од регионалните комисии за имплементацијата на Правилникот за минимални референтни цени во регионалните одбори на Комората.

Со допис бр.09-3/4 од 12.03.2015 година Стоматолошка Комора на Македонија достави одговор на Заклучок бр.09-3/3 од 19.02.2015 година и ги достави бараните податоци.

Со допис бр.09-3/5 од 17.03.2015 година Стоматолошка Комора на Македонија до КОП достави Одлука на Извршниот одбор на Стоматолошка Комора на Македонија (бр.02-79/3 од 27.02.2015 година) да се предложи на Собранието на Комората укинување на спорни одредби од Статутот на Комората согласно заклучокот за поведување на прекршочна постапка бр.09-3/1 од 12.01.2015 од Комисијата за заштита на конкуренцијата.

Со допис бр.09-3/6 од 18.03.2015 година Стоматолошка Комора на Македонија до КОП достави Одлука на Комисијата за статутарни прашања на Стоматолошка Комора на Македонија (бр.14-85/2 од 25.02.2015 година) за покренување постапка за укинување на одредби од Статутот на Комората согласно заклучокот за поведување на прекршочна постапка бр.09-3/1 од 12.01.2015 од Комисијата за заштита на конкуренцијата.

Со допис бр.09-3/7 од 27.05.2015 година Стоматолошка Комора на Македонија до КОП достави Записник од седница на Собранието на Стоматолошка Комора на Македонија одржана на 04.04.2015 година и Одлука за промена на Статутот бр. 02-137/3 од 04.04.2015 година. Со горенаведената Одлука, Стоматолошката Комора на Македонија врши бришење на член 10 точка 30 и член 81 точка 21 од Статутот на СКМ, а кои се однесуваат на Правилникот за референтни заштитни (минимални) цени на услугите и изработките во стоматолошките здравствени установи во Република Македонија.

Со допис бр.09-3/8 од ден 24.06.2015 година Стоматолошката Комора на Македонија до КОП достави Известување бр. 03-315/1 од 24.06.2015 година, со кое ја информираше КОП дека преку својата интернет страница и информатичкото стручно списание „Vox Dentarii" ги информирала своите членови-доктори на стоматологија дека се става вон сила Правилникот за референтни заштитни (минимални) цени на услугите и изработките во стоматолошките здравствени установи во Република Македонија, со што Статутот на Стоматолошката Комора на Македонија се усогласува со Законот за заштита на конкуренција (член 7 став 1 точка 1).

Со допис бр.09-3/9 од ден 25.06.2015 година Стоматолошката Комора на Македонија до КОП достави информација.

Со допис бр. 09-3/10 од 03.11.2015 година КОП до Стоматолошката Комора на Македонија достави Прелиминарно известување за утврдена ффактичка состојба.

Со Заклучок бр.09-3/11 од 03.11.2015 година КОП од Стоматолошката Комора на Македонија побара да достави дополнителни податоци и документи и тоа: биланс на успех за 2014 година, број на вработени во Стоматолошка Комора на Македонија во месец февруари 2015 година и број на вработени во Стоматолошка Комора на Македонија во месец март 2015 година.

Со допис бр.09-3/12 од 12.11.2015 година Стоматолошката Комора на Македонија достави одговор на заклучокот.

Со допис бр.09-3/13 од 18.11.2015 година Стоматолошката Комора на Македонија достави појаснување по прелиминарното известување.

Со допис бр. 09-3/14 од 26.11.2015 година КОП до Стоматолошката Комора на Македонија достави Конечно известување за утврдена фактичка состојба.

Со допис бр.09-3/15 од 18.11.2015 година Стоматолошката Комора на Македонија достави појаснување по Конечното известување.
На ден 16.12.2015 година КОП со Решение ПП бр.09-13/16 утврдуви дека Стоматолошката Комора на Македонија, како здружение на претпријатија во смисла на член 5 став (1) алинеа 1 и 2 од Законот за заштита на конкуренцијата, во периодот од 03.06.2006 година до 04.04.2015 година, искористувајќи ист траен однос и прилики во два наврати и тоа: на 03.06.2006 година и 02.03.2013 година донела забранети одлуки - Правилник на референтни заштитни (минимални) цени на услугите и изработките во стоматолошките здравствени установи во Република Македонија кои пациентите ги плаќаат со лични средства во целост бр.01-685 и Правилник за референтни, заштитни (минимални) цени на услугите и изработките во стоматолошките здравствени установи во Република Македонија кои пациентите ги плаќаат со лични средства во целост бр. 01-87/2 одлуки со кои директно ги фиксирала продажните цени на пазарот на услуги и изработки во стоматолошките здравствени установи во Република Македонија кои пациентите ги плаќаат со лични средства во целост, со цел нарушување на конкуренцијата, со што извршила две временски поврзани дејствија што претставуваат повеќекратно остварување на прекршок од член 59 став (1) точка 1) а во врска со член 7 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата и член 28 став (1) од

Законот за прекршоците („Службен весник на РМ“ бр.124/15), за што на сторителот Стоматолошката Комора на Македонија му се изрекува санкција - глоба во износ од 124.000,оо денари, што претставува 1.1% од вредноста на вкупниот годишен приход на Стоматолошката Комора на Македонија остварен во 2014 година, како последна деловната година за која истата има составено годишна сметка.

Незадоволни од ваквото решение Стоматолошката Комора на Македонија поднесе тужба за поведување на управен спор до Управниот суд на Република Македонија Упрк.5 -.бр. 10/2015.

КОП во предвидениот рок достави одговор на тужбата поднесена од Стоматолошката Комора на Македонија.

Управниот суд на Република Македонија на ден 25.11.2016 година со пресуда Упрк.бр. 10/2015 тужбата на Стоматолошката Комора на Македонија ја уважи, а решението на КОП Решение ПП бр.09-13/16 од 16.12.2015 година го поништи.

Со допис бр.09-15/2 од 23.03.2017 КОП побара од Централниот регистар на Република Македонија доставување на биланс на приходи и расходи на Стоматолошка Комора за 2016 година.

Со допис бр.09-15/3 од 04.04.2017 година Централниот регистар на Република Македонија ги достави бараните податоци.

На ден 07.04.2017 година КОП со Решение ПП бр.09-15/4 повторно утврди дека Стоматолошката Комора на Македонија, ул.„Огњен Прица“ бр. 1 влез. 4 спрат.1 стан.5, Скопје, со ЕМБС 5119138 и единствен даночен број 4030996268633, застапувана од Адвокатско друштво Чичевалиев и Илијоски од Скопје, како здружение на претпријатија во смисла на член член 5 став (1) алинеа 1 и 2 од Законот за заштита на конкуренцијата, искористувајќи ист траен однос и прилики во два наврати и тоа:

- на 03.06.2006 година донела <u>забранета одлука</u> - Правилник на референтни заштитни (минимални) цени на услугите и изработките во стоматолошките здравствени установи во Република Македонија кои пациентите ги плаќаат со лични средства во целост бр.01-685, кој правилник стоматолозите биле должни да го применуват до 02.03.2013 година и

- на 02.03.2013 година донела <u>забранета одлука</u> - Правилник за референтни, заштитни (минимални) цени на услугите и изработките во стоматолошките здравствени установи во Република Македонија кои пациентите ги плаќаат со лични средства во целост бр. 01-87/2 кој правилник стоматолозите биле должни да го применуват до 04.04.2015 година

одлуки со кои директно ги фиксирала продажните цени на пазарот на услуги и изработки во стоматолошките здравствени установи во Република Македонија кои пациентите ги плаќаат со лични средства во целост, со цел нарушување на конкуренцијата, со што извршила две временски поврзани дејствија што претставуваат повеќекратно остварување на прекршок од член 59 став (1) точка 1) а во врска со член 7 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата и член 28 став (1) од Законот за прекршоците („Службен весник на РМ“ бр.124/15), за што на сторителот Стоматолошката Комора на Македонија му се изрекува санкција - глоба во износ од 62.000,оо денари, што претставува 0.6619% од вредноста на вкупниот годишен приход на Стоматолошката Комора на Македонија остварен во 2016 година, како последна деловна година за која истата има составено годишна сметка. Времетраењето на прекршокот е од 13.11.2010 година (ден кога влезе во сила Законот за заштита на конкуренцијата до 04.04.2015 година како ден кога Стоматолошка Комора ја донела Одлуката

бр. 02-137/3 со која се става вон сила Правилникот за референтни заштитни (минимални) цени на услугите и изработките во стоматолошките здравствени установи во Република Македонија кои пациентите ги плаќаат со лични средства во целост бр. 01-87/2 од 02.03.2013). Незадоволна од ваквото решение Стоматолошка Комора поднесе тужба за поведување на управен спор до Управниот суд на Република Македонија Упрк – бр.1/2017 (наш бр.09-15/5 од 23.05.2017).

КОП во предвидениот рок достави одговор на тужбата наш бр. 09-15/6 од 30.05.2017 година.

На ден 02.01.2018 година со допис наш бр.09-1/1 Управниот суд до КОП ги врати списите од предметот УПРК бр.10/15.

Со допис бр.09-1/2 од 03.01.2018 година КОП го извести Управниот суд дека вратените списи се дел од постапката Упрк бр.1/2017 година која се води пред Управниот суд и истите ги достави до управниот суд.

Со допис наш бр.09-21/1 од 05.06.2019 година до КОП доставена е пресуда на Управниот суд УПРК бр.1/2017 од 23.05.2019 година со која Управниот суд ја уважи тужбата на Стоматолошка Комора, а решението на КОП ПП бр.09-15/4 од 07.04.2017 година го поништи.

Со допис бр.09-21/2 од 19.06.2019 година КОП го извести Управниот суд дека со доставената пресуда се вратени само дел од списите од предметот и побара доставување на сите списи од предметот.

Незадоволна од пресудата КОП со допис ПП бр.09-21/3 од 19.06.2019 година до Државниот правобранител на Република Северна Македонија достави жалба по наведената пресуда.

Со допис наш ПП бр.09-21/4 од 19.09.2019 година Државниот правобранител на Република Северна Македонија достави одговор на жалба од Стоматолошка Комора.

Со допис ПП бр.09-21/5 од 10.10.2019 година КОП достави допис до Државниот правобранител на Република Северна Македонија заради негово понатамошно постапување согласно Законот за управните спорови.

Со допис наш ПП бр.09-26/1 од 03.06.2020 година до КОП доставена е Пресуда на Вишиот управен суд УПРЖ.бр.517/2019 од 08.05.2020 година со која пресуда Вишиот управен суд ја одбива жалбата на КОП и ја потврдува пресудата на Управниот суд Упрк.бр.1/2017 од 23.05.2019 година.

Со допис ПП бр.09-26/2 од 09.11.2020 година КОП од Центарлниот регистер на Република Северна Македонија побара доставување на биланс на успех за 2019 година на Стоматолошка Комора.

Со допис наш ПП бр.09-26/3 од 12.11.2020 година Централниот регистар до КОП достави Биланс на успех на Стоматолошка Комора за 2019 година.

Со допис ПП бр.09-26/4 од 22.12.2020 година КОП до Стоматолошка Комора достави Конечно известување за утврдена фактичка состојба.

Со допис наш ПП бр. 09-26/5 од 21.12.2020 година Стоматолошка Комора достави писмено изјаснување по Конечно известување за утврдена фактичка состојба.

На седница од 04.02.2021 година КОП донесе Решение ПП бр.09-11/1 со кое повторно утврди дека Стоматолошката комора на Македонија, ул. „Антон

Попов“ бр. 1-4/5. Скопје. со ЕМБС 5119138 и единствен даночен број 4030996268633. застапувана од Адвокатско друштво Чичевалиев и Илијоски од Скопје. како здружение на претпријатија во смисла на член 5 став (1) алинеа 1 и 2 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на РМ“ бр.145/10. 136/11. 41/14. 53/16 и 83/18). на 02.03.2013 година донела забранета одлука - Правилник за референтни. заштитни (минимални) цени на услугите и изработките во стоматолошките здравствени установи во Република Македонија кои пациентите ги плаќаат со лични средства во целост бр. 01-87/2 кој правилник стоматолозите биле должни да го применуват до 04.04.2015 година. одлука со која директно ги фиксирала продажните цени на пазарот на услуги и изработки во стоматолошките здравствени установи во Република Македонија кои пациентите ги плаќале со лични средства во целост. со цел нарушување на конкуренцијата. со што сторила прекршок од член 59 став (1) точка 1) а во врска со член 7 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата. за што на сторителот Стоматолошката Комора на Македонија му се изрекува санкција - глоба во износ од 20.000.оо денари. што претставува 0.9698% од вредноста на вкупниот годишен приход на Стоматолошката Комора на Македонија остварен во 2019 година. како последна деловната година за која истата  има составено годишна сметка.

Со допис бр.09-11/1 од 04.02.2021 година наведеното решение е доставено до Стоматолошката комора.

Со допис ПП бр. 09-11/2 од 16.12.2021 година КОП побара информација од Управниот суд за евентуално поднесени тужби против Решението на КОП ПП бр. 09-11/1 од 04.02.2021 година.

Со допис неш бр. 09-11/3 од 30.12.2021 година Управниот суд ја достави бараната информација.

Со допис наш бр. 09-17/1 од 2022 година Управниот суд достави до КОП Пресуда  УПРК бр.3/2021 од 27.01.2022 година со која Управниот суд ја уважи тужбата на Стоматолошка Комора. а решението на КОП ПП бр.09-11/1 од 04.02.2021 година го поништи.

Со допис ПП бр.09-17/2 од 14.03.2022 година КОП достави допис до Државниот правобранител на Република Северна Македонија заради негово понатамошно постапување согласно Законот за управните спорови.

Со допис наш ПП бр. 09-17/3 од15.03.2022 година Државниот правобранител на Република Северна Македонија го врати до КОП претходно доставениот допис.

На ден 17.03.2022 година. КОП преку Управниот суд изјави жалба (наш ПП бр.09-17/4) до Вишиот управен суд  против пресудата на Управниот суд УПРК бр.3/2021 од 27.01.2022 година

На ден  17.06.2022 година. наш ПП бр.09-17/5 до КОП доставена е Пресуда на Вишиот управен суд УПРЖ.бр.162/2022 од 18.05.2022 година со која пресуда Вишиот управен суд ја отфрла жалбата на КОП како недозволена.

Со допис бр.03-129/1 од 23.06.2022 година од Центарлниот регистер на Република Северна Македонија побарано е доставување на биланс на успех за 2021 година на Стоматолошка Комора.

Со допис наш бр.03-12/2 од 01.07.2022 година Централниот регистар достави Биланс на успех на Стоматолошка Комора за 2021 година.

**Постапувајќи по напатствијата на Вишиот управен суд и на Управниот суд КОП во повторната постапка врз основа на податоците прибавени во текот**

**на постапката а од значење за правилно одлучување во прекршочната постапка, ја утврди следната фактичка состојба:**

Согласно член 3 став (2) алинеа 1 од ЗЗК, ЗЗК се применува на: претпријатија, здруженија на претпријатија, поврзани претпријатија, државна управа
Согласно член 5 став (1) алинеа 1 од ЗЗК - "претпријатие" е секој вид на деловен потфат без оглед на тоа како е организиран и од кого е воден (трговско друштво, трговец поединец, задруга, здружение на претпријатија и др**.), слободните професии** (адвокати, **лекари,** архитекти, сметководители, нотари **и др.),** јавните претпријатија основани заради вршење на дејности од јавен интерес како и секое друго правно или физичко лице, установа и друго правно и физичко лице кое има јавни овластувања или орган на државна управа што е ангажиран во водењето на некоја економска активност, без оглед на тоа дали се сметаат за трговци или не;

Согласно член 5 став (1) алинеа 2 од ЗЗК "здружение на претпријатија" е здружение на две или повеќе претпријатија кое директно не врши економска активност, ***но има или може да има влијание на однесувањето на претпријатијата на пазарот***, без оглед на формата на здружување;

Согласно член 5 став (1) алинеа 5 од ЗЗК - "економска активност" е промет на стоки и/или услуги на пазарот без оглед на тоа дали целта на таквиот промет е остварување на добивка или не;

**Во членот 5 став (1) алинеа 1 од ЗЗК јасно е утврдено дека вршењето на слободната професија – лекар потпаѓа под законската дефиниција на „претпријатие" па оттука јасно е дека ЗЗК се применува на лекарите/докторите по стоматологија, како слободна професија.**

**Од член 5 став (1) алинеа 5 од ЗЗК јасно произлегува дека давањето на стоматолошки услуги претставува вршење на економска активност.**

Имено во Стоматолошката комора членуваат доктори на стоматологија вработени во стоматолошките здравствени установи како правни субјекти. Стоматолошките здравствени установи при обезбедувањето на услугите кои пациенти ги плаќаат со лични средства во целост односно при давањето на приватните услуги треба слободно и независно едни од други да формираат сопствени цени за извршените услуги. Стоматолошката комора со носењето забранетата одлука - Правилник за референтни, заштитни (минимални) цени на услугите и изработките во стоматолошките здравствени установи во Република Македонија кои пациентите ги плаќаат со лични средства во целост во кој утврдува цени за приватните услуги кои ги даваат стоматолошките здравствени установи, влијаела на однесувањето на претпријатијата на пазарот, па оттука истата Согласно член 5 став (1) алинеа 2 од ЗЗК е здружение на претпријатија

Во член 250 став 1 од ***Закон за здравствена заштита*** *(„Службен Весник на Република Македонија" бр. 43 /2012 година) е утврдено дека* - Заради заштита и унапредување на стручноста и етичките должности и права, за подобрување на квалитетот на здравствената заштита, заштита на интересите на својата професија, следење на односот на здравствените работници кон општеството и граѓаните докторите на медицина, докторите на стоматологија и дипломираните фармацевти се здружуваат во Лекарска, Стоматолошка, односно Фармацевтска Комора на Македонија.

Во член 251 став 1 од *Закон за здравствена заштита* е утврдено дека - Коморите имаат својство на правно лице и се запишуваат во Централниот регистар на Република Македонија.

КОП ги разгледа наводите на Стоматолошка Комора на Македонија дека истата не претставува здружение на претпријатија туку претставува здружение на здравствени работници и дека истата е основана согласно закон, а во која здравствените работници се здружуваат заради остварување на заеднички интереси од одделна професија и дека во истата членуваат доктори на стоматологија. Во однос на наведеното КОП констатира дека врз основа на ЗЗК здравствените работници (лекарите/докторите по стоматологија) согласно член 5 став (1) алинеа 1) од ЗЗК се претпријатие, па оттука здружението на здраствени работници (лекарите/докторите по стоматологија) односно Стоматолошка Комора на Македонија претставува задужение на претпријатие во смисла на член 5 став (1) алинеа 2) од ЗЗК.

Врз основа на член 44 став 1 алинеја 1 од Законот за здравствена заштита „Здравствените установи можат да вршат здравствена дејност на пациенти кои здравствените услуги ги плаќаат со лични средства ако за таа дејност имаат дозвола за вршење на здравствена дејност и ако се запишани во регистарот на здравствени установи„

Согласно член 44 став 3 од Законот за здравствена заштита – „здравствената установа е должна на видно место да истакне дека врши и здравствена дејност за пациенти кои услугите ги плаќаат со лични средства, видот на здравствените услуги кои ги врши во форма на здравствена дејност што се плаќа со лични средства, времето и местото на нивното вршење, цените на здравствените услуги и листата на здравствените работници кои ја вршат оваа дејност.

Врз основа на член 123 став 1 од Законот за здравствена заштита – издавањето, обновувањето, продолжувањето и одземањето на лиценца за работа на здравствените работници со високо образование го вршат Лекарската, Стоматолошката односно Фармацевтската Комора заарди утврдувањето на стручната оспособеност на здравствените работници за самостојна работа. Понатаму, во член 132 став 1 и став 8 од истиот Закон е наведено дека-Лекарската, Стоматолошката односно Фармацевстката Комора може привремено или трајно да ја одземе лиценцата за работа на здравствениот работник со високо образование доколку сторил повреда на Кодексот на медицнската етика и деонтологија и тоа е утврдено од Судот на честа при соодветната Комора.

Во член 250 став 3 од Законот за здравствена заштита е утврдено дека Коморите донесуваат статут, кодекс на професионални етички должности и права, формираат суд на честа и други помошни тела.

**Собранието на Стоматолошката Комора на Македонија на седницата одржана на 22.12.2012 година донела Статут на Стоматолошка Комора**. Врз основа на член 2 став 1 од истиот - Стоматолошката Комора на Македонија е задолжителна, самостојна и независна професионална организација на сите доктори на стоматологија кои имаат лиценца за работа за вршење на стоматолошка дејност како професија на територијата на Република Македонија.

Во член 10 став 30 од Статутот, меѓу другите задачи кои ги врши Комората е и дека донесува Ценовник за референтни заштитни (минимални) цени на услугите и изработките во стоматолошките здравствени установи во Република Македонија на услугите кои не се опфатени со задолжителното здравствено осигурување.

Членовите на Комората имаат право и должност врз основа на член 72 став 11 и 13 од Статутот, да го почитуваат Статутот и актите на Комората и одлуките на органите на Комората, како и да го чуваат угледот на стоматолошката професија и да се придржуваат кон законите и релевантнте етички кодекси и меѓународни конвенции.

Во член 89 став 17 од Статутот е наведено дека Ценовникот за референтни заштитни (минимлани) цени на услугите и изработките во стоматолошките здравствени установи во Република Македонија е акт кој го донесува Комората.

Согласно член 7 став (1) од ЗЗК забранети се сите договори склучени меѓу претпријатија, одлуките на здруженијата на претпријатија и договорената практика чија цел или последица е нарушување на конкуренцијата, а особено оние кои директно или индиректно ги фиксираат куповните или продажните цени или некои други услови за тргување или го ограничуваат или го контролираат производството, пазарот, техничкиот развој или инвестициите.

ЗЗК изрично забранува претпријатија, односно здруженија на претпријатија да учествуваат во договори и/или договорни практики, односно здруженијата на претпријатија да донесуваат одлуки со кои директно или индиректно се фиксираат продажните цени на стоките и услугите кои ги нудат претпријатијата, бидејќи таквото договарање помеѓу учесниците на пазарот за еден од најзначајните параметри на конкуренцијата – цената е спротивно на основното правило на слободната конкуренција според кое учесниците на пазарот треба самостојно и независно едни од други да ги носат одлуките за своето однесување на пазарот и самостојно да го сносот ризикот за успехот, односно неуспехот од таквото однесување. Оттука, таквите договори, односно одлуки имаат за цел нарушување на конкуренцијата, независно од постоењето или непостоењето на антиконкурентски ефекти, истите не можат да бидат оправдани ниту да бидат предмет на групно или поединечно изземање и претставуваат една од најтешките повреди на правилата за заштита на конкуренцијата утврдени во ЗЗК.

***Собранието на Комората на седница одржана на ден 02.03.2013 година донело Правилник за референтни, заштитни (минимални) цени на услугите и изработките во стоматолошките здравствени установи во Република Македонија кои пациентите ги плаќаат со лични средства во целост ( бр.01-87/2 од 02.03.2013 година).***

Врз основа на член 1 од овој Правилник се уредуваат референтните, заштитни (минимални) цени на услугите и изработките во стоматолошките здравствени утсанови во Република Македонија.

Во член 4 од наведениот Правилник се наведуваат референтните заштитнити (минимални) цени на услугите и изработките во стоматолошките здравствени установи во РМ.

Во член 5 од Правилникот е наведено дека согласно член 10 точка 30, член 72 точка 11 и точка 13 и член 89 точка 17 од Статутот на Стоматолошката Комора на Македонија и член 13, 57, 72, 73 и 74 од Кодексот на стоматолошката етика и деонтологија, членовите на Стоматолошката Комора на Македонија се обврзани да работат по наведените минимални цени. Во спротивно ќе бидат изложени на казнени мерки, согласно актите на Комората, меѓу кои и времено одземање на лиценцата за работа. Директорите на стоматолошките установи се должни да го истакнат наведениот Правилник со сите цени на видно место во стоматолошката ординација.

Правилникот стапил на сила на ден 02.03.2013 година и истиот се применувал до 04.04.2015 година како ден кога Стоматолошка Комора ја донела Одлуката бр. 02-137/3 со која се става вон сила Правилникот за референтни заштитни (минимални) цени на услугите и изработките во стоматолошките здравствени установи во Република Македонија кои пациентите ги плаќаат со лични средства во целост  бр. 01-87/2 од 02.03.2013.

Извршниот одбор на Стоматолошката Комора на Македонијана на седницата оддржа на ден 25.05.2013 година донел Упатство за спроведување на Правилникот за референтните (заштитни) минимални цени на услугите и

изработките во стоматолошките здравствени установи кои пациентите ги плаќаат со лични средства.

Врз основа на член 1 од Упатството - Цените утврдени со споменатиот правилник од страна на Собранието на Стоматолошката Комора, отпечатени на постер со димензии 50см х 7см се доставени до сите здравствени установи од областа на стоматологијата во Република Македонија.

Ценовникот се доставувал лично до директорот на приватна задравствена установа (ПЗУ) за што директорот бил должен да потпише посебна изјава дека го примил ценовникот и дека ќе го спроведува во пракса. Директорот Изјавата ја потпишувал во два (2) примероци од кои едниот останува во ПЗУ, а другиот се враќа во стручната служба на Комората. Изјавата и нејзината содржина се унифицирани за сите ПЗУ и истата претставува составен дел од Упатството. Директорот на ПЗУ кој ќе одбиел да ја потпише изјавата и да го прими ценовникот, тоа го потврдува писмено и тој документ се враќа во стручната служба на Комората, врз основа на кој Извршниот одбор покренува постапка пред надлежните органи на Комората. Во случај директорот на ПЗУ да не сака да потпише никаква изјава и да го игнорира чинот на предавање на ценовникот, Комисијата која го врши предавањето на ценовникот составува записник за постапката и го враќа во стручната служба на Комората, кој записник претставува доказ за одговорност пред органите на Комората.

Согласно член 6 од Упатството директорите на ПЗУ на стоматологија можат да донесат сопствен ценовник за услугите што пациентите ги плаќаат со лични средства, при што цените во тој ценовник не можат да бидат пониски од оние наведени во ценовникот на Комората**.** Цените во ценовникот на ПЗУ можат да бидат повисоки од оние што Комората ги утврдила како заштитни и за тоа не може никој да биде повикан на одговорност.

Во поглед на имплементацијата на Правилникот за минималните (заштитни) цени на услугите и изработките во стоматолошките здравствени установи кои пациентите ги плаќаат со лични средства во член 8 од Упатството се вели дека Директорот на ПЗУ од областа на стоматологијата е должен да и овозможи на Комисијата за внатрешен надзор на регионалниот одбор или на Централната комисија надзор во смисла на истакнување на ценовникот и усогласеноста на цените на услугите со Правилникот. Оперативното тело за следење на спроведување на ценовникот е Централната комисија за внатрешен надзор и регионалните комисии за внатрешен надзор.

Согласно член 11 од Упатството - Регионалните комисии за внатрешен надзор се должни да направат редовен надзор во секоја ПЗУ во својот регион најмалку еднаш на три месеци, а по основано сомнение прават надзор во секое време. Централната комисија за внатрешен надзор ја следи работата на регионалните комисии и има право да суспендира регионална комисија во колку утврди дека регионалната комисија не ја извршувала работата согласно упатството. Централната комисија има право да изврши надзор и директно во ПЗУ во одреден регион, со што задолжително го известува претседателот на регионалниот одбор на Стоматолошката Комора и претседателот на регионалната комисија.

Централната комисија за внатрешен надзор согласно член 12 од Упатството, поднесува годишен извештај за извршениот надзор врз спроведувањето на ценовникот до Извршниот одбор на Комората. Извршниот одбор ќе го следи спроведувањето на упатството од страна на оперативните тела за спроведување и ќе превзема соодветни мерки согласно Статутот на Комората и Кодексот на стоматолошката етика и деонтологија**.**

Од сево ова, произлегува дека Стоматолошката Комора против која се води предметната постапка имала за цел да создае еден детален и обмислен механизам за да се обезбеди почитување на *Правилникот за референтните*

*(заштитни) минимални цени* која докторите на стоматологија-членки на Стоматолошката Комора ја наплатуваат, а *пациентите ги плаќаат соодветните стоматолошки услуги со лични средства.*

Со допис бр. 09-3/49 од 12.03.2015 година Стоматолошката Комора до КОП ги достави извештаите од Регионалните комисии за имплентација на правилникот за минимални референтни цени во текот на 2013 година. Од доставените извештаи видно е дека наведените Регионални комисии извршиле надзор на имплементацијата на Правилникот за референтните (заштитни) минимални цени на услугите и изработките во стоматолошките здравствени установи кои пациентите ги плаќаат со лични средства за што биле изготвени и доставени записници за извршениот надзор на имплеметација на Правилникот на минимални референтни цени на стоматолошките здравствени услуги како и Известувања за извршениот надзор. Од известувањата јасно е дека при вршењето на надзорот се проверувало дали здравствените установи го поседуваат ценовникот на минималните референтни цени на стоматолошките установи, дали истиот е истакнат на видно место во здравствената установа како и дали цените на стоматолошките услуги се усогласени со шифрите во фискалниот апарат.

Од доставените Записници за извршен надзор се гледа дека најголемиот дел од здравствените установи го поседувале ценовникот и истиот бил уредно истакнат на видно место во ординациите. Во оние ординации каде што истиот не бил истакнат на пример во ординации каде контрола извршил Регионалниот одбор Кочани-Виница, во Извештајот за извршена контрола за имплементација на правилникот за минимални референтни цени во стоматологијата, докторите биле замолени во најкус рок да го подигнат и постават на видно место во здравствената установа и дека на некои ординации ценовникот им бил доставен на адреса од претставникот на регионалниот одбор.

Во дописот бр. 09-3/2 од 21.01.2015 година доставен од Стоматолошка Комора во однос на барањето на КОП за објаснување на начинот на доставување на Ценовникот на референтни (заштитни) цени на услугите и изработките кои пациентите ги плаќаат со лични средства, како и објаснувањето за начинот на кој се врши следење дали членовите на Стоматолошката Комора работат по минималните цени утврдени во Ценовникот истата наведува дека овие објаснувања се содржани во Упатството за спроведување на Правилникот за референтни (минимални) заштитни цени на услугите и изработките во стоматолошките приватни здравствени установи кои пациентите ги плаќаат со лични средства донесено од извршниот одбор на Стоматолошката Комора на Македонија на ден 25.05.2013 година како и дека воедно, врз основа на доказите од доставените записници за извршен надзор на имплетемнтација на Правилникот за минимални референтни цени доставени од регионалнитеодбори на Комората, не се утврдени случаи на непридржување на Правилникот, па согласно на тоа не е поведена постапка за санкционирање на таквите случаи.

Од наведеното јасно произлегува дека Стоматолошката Комора успешно создала детален и обмислен механизам кој овозможила целосно почитување на *Правилникот за референтните (заштитни) минимални цени* од страна на докторите на стоматологија-членки на Стоматолошката Комора, односно помеѓу нив непостоела конкуренција во однос на цените кои ги наплаќале за услугите и изработките кои пациентите ги плаќаат со лични средства.

Стоматолошката Комора со Допис бр. 09-3/7 од 27.05.2015 година достави до КОП записник од седницата на собранието на Стоматолошката Комора и Одлука бр. 02-137/3 од 04.04.2015 година со која се става вон сила Правилникот за референтни заштитни (минимални) цени на услугите и изработките во стоматолошките здравствени установи во Република Македонија.

Со допис бр 09-3/8 од 24.06.2015 година Стоматолошката Комора ја информира КОП дека согласно член 79 точка 1 и 2 и член 80 став 1 од Статутот на Стоматолошката Комора, истата преку својата интернет страница и информатичко стручно списание Vox Dentarii кое се објавува периодично на четири месеци ги информирала своите членови и поширока јавност за измените на Статутот каде со бришење на член 10 точка 30 и член 81 точка 21 се става вон сила Правилникот за референтни заштитни (минимални) цени на услугите и изработките во стоматолошките здравствени установи во Република Македонија.

Докторите на стоматологија како правни субјекти - вршители на здравствена дејност при обезбедувањето на стоматолошки услуги и изработки кои пациентите ги плаќаат со лични средства во целост имаат право да формираат сопствени цени за извршените услуги.

Стоматолошката Комора на Македонија со донесувањето на Правилникот за референтни, заштитни (минимални) цени на услугите и изработките во стоматолошките здравствени установи во Република Македонија кои пациентите ги плаќаат со лични средства во целост од 02.03.2013 година ги ограничува докторите на стоматологија самите да одредуваат цени за своите услуги, бидејќи членовите на Стоматолошката Комора на Македонија се обврзани да работат по минималните цени наведени во Правилникот кој правилник стоматолозите биле должни да го применуват до 04.04.2015 година. Воедно, докторите на стоматологија кои што немало да ги почитуваат одредбите на Правилникот биле потенцијално изложени на казнени мерки согласно актите на Комората. Докторите на стоматологија како членки на Стоматолошката Комора на Македонија биле обврзани да се придржуваат до Правилникот.

Оттука, Стоматолошката Комора на Македонија има влијание на однесувањето на претпријатијата на пазарот, а таа можност и ја применила преку носење на Правилникот за референтни заштитни (минимални) цени кој го доставувала до своите членки/доктори на стоматологија. Со ваквото носење на Правилникот и самата Комора е свесна дека лекарите на стоматологија се претставници на нивните ординации и дека тие се оние кои ги утврдуваат цените за своите услуги па токму затоа правилникот им го доставува на нив со цел истиот да се почитува во нивните ординации.

Имено член 7 од ЗЗК изрично забранува здруженијата на претпријатија да донесуваат одлуки со кои директно или индиректно се фиксираат цените на услугите. Во конкретниот случај со Правилникот донесен од Комората се одредуваат минимални цени, па оттука **стоматолозите се спречени на пациентите да одлучат услугите кои се наведени во Правилниците да ги нудат по пониски цени, што придонесува за намалување на благосотојбата на потрошувачите/пациенти корисници на услугите наведени во Правилниците.** Дополнително со утврдување на обврска за истакнување на наведените правилници (со соодветна големина на видно место во ординацијата), барањето стоматолозите да потпишуваат изјави за прифаќање на наведените ценовници, проверките од Регионалните комисии дали цените на стоматолошките услуги се усогласени со шифрите во фискалниот апарат, како и утврдување на мерки кои може да ги преземе Комората против стоматолозите кои не се придржувале кон Правилниците, јасно укажува дека со **носењето на овие Правилници дошло до фиксирање на цените, а со тоа и до значително ограничување на конкуренцијата на пазарот на давање на стоматолошки услуги кои не се опфатени со задолжителното здравствено осигурување.** Имено и самата Стоматолошка Комора во дописот доставен до КОП на 21.01.2015 година наведува дека „врз основа на доказите од доставените записници за извршен надзор на имплетемнтацијата на Правилникот за минимални референтни цени доставени од регионалните одбори на Комората, не се утврдени случаи на непридржување на Правилникот, па согласно на тоа не е поведена постапка за санкционирање на таквите случаи“. Од наведеното

јасно е дека **со носењето на наведениот Правилник Комората извршила фиксирање на цените на пазарот на давање на стоматолошки услуги кои не се опфатени со задолжителното здравствено осигурување.**

Договарањето помеѓу учесниците на пазарот за еден од најзначајните параметри на конкуренцијата – цената е спротивно на основното правило на слободната конкуренција според кое учесниците на пазарот треба самостојно и независно едни од други да ги носат одлуките за своето однесување на пазарот и самостојно да го сносот ризикот за успехот, односно неуспехот од таквото однесување. Оттука, таквите договори, односно одлуки имаат за цел нарушување на конкуренцијата, независно од постоењето или непостоењето на антиконкурентски ефекти, истите не можат да бидат оправдани ниту да бидат предмет на групно или поединечно изземање и претставуваат една од најтешките повреди на правилата за заштита на конкуренцијата утврдени во ЗЗК.

Со ваквите дејствија Стоматолошката Комора на Македонија како здружение на претпријатија донела одлука со која директно ги фиксирала цените на услугите и изработките во стоматолошките здравствени установи кои пациентите ги плаќале со лични средства во целост, која одлука согласно член 7 став (1) точка (1) од ЗЗК, е забранета бидејќи ја нарушува конкуренцијата на пазарот на услуги и изработките во стоматолошките здравствени установи кои пациентите ги плаќале со лични средства во целост.

Врз основа на горенаведеното КОП утврди дека Стоматолошката Комора на Македонија како здружение на претпријатија во смисла на член 5 став (1) алинеа 1 и 2 од Законот, на ден 02.03.2013 година донела забранета одлука - Правилник за референтни, заштитни (минимални) цени на услугите и изработките во стоматолошките здравствени установи во Република Македонија кои пациентите ги плаќаат со лични средства во целост бр. 01-87/2 кој Правилник стоматолозите биле должни да го применуват до 04.04.2015 година како ден кога Стоматолошка Комора ја донела Одлуката бр. 02-137/3 со која се става вон сила Правилникот за референтни заштитни (минимални) цени на услугите и изработките во стоматолошките здравствени установи во РепубликаМакедонија кои пациентите ги плаќаат со лични средства во целост бр. 01-87/2), одлука со која директно се фиксираат продажните цени на пазарот на услугите и изработките во стоматолошките здравствени установи во Република Македонија кои пациентите ги плаќале со лични средства во целост, со цел нарушување на конкуренцијата на наведениот пазар, со што сторила прекршок од член 59 став (1) точка 1) а во врска со член 7 став (1) точка 1) од ЗЗК .

Согласно 59 став (1) точка 1) од ЗЗК, КОП на претпријатието, односно здружението на претпријатија, со решение ќе му изрече глоба во износ до 10% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во последната деловна година, изразена во апсолутен и номинален износ за која претпријатието или здружението на претпријатија има составена годишна сметка ако склучи забранет договор или на друг начин учествува во договор, одлука или усогласено однесување.

Согласно член 59 став (1) точка 1) од ЗЗК, КОП на претпријатието, односно здружението на претпријатија, со решение ќе му изрече глоба во износ до 10% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во последната деловна година, изразена во апсолутен и номинален износ за која претпријатието или здружението на претпријатија има составена годишна сметка ако склучи забранет договор или на друг начин учествува во договор, одлука или усогласено однесување со кое се нарушува конкуренцијата во смисла на член 7 од ЗЗК.

При определување на износот на глобата КОП тргнува од вкупно остварените приходи на Стоматолошката Комора на Македонија во 2021 година како

последната деловна година за која Стоматолошката Комора на Македонија има составена годишна сметка/биланс на успех.

Согласно билансот на успех за 2021 година, Стоматолошката Комора на Македонија во 2021 година остварила вкупни приходи од 31.014.678 денари.

Времетраењето на прекршокот е 2 години и 1 месец.

КОП утврди дека износот на глобата кој треба да се изрече на Стоматолошката Комора на Македонија за сторен прекршок на член 59 став 1) точка 1) од ЗЗК изнесува, 20.000,оо денари, што претставува 0.064% од вредноста на вкупниот годишен приход на Стоматолошката Комора на Македонија остварен во 2021година, како последна деловната година за која истата има составено годишна сметка.

**Заради сето горе наведено се одлучи како во диспозитивот на ова решение.**

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд во рок од осум (8) дена од денот на приемот на ова решение. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕКРШОК**

**Претседател**
**Димитрија Вревезоски**